Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Р. Македонија

СУТКОЗ
НА Р. МАКЕДОНИЈА

жиро сметка : **200000008569069** Стопанска Банка АД
Ул.12 Ударна бригада бр.2а, 1000 Скопје,п.фах.228 ,
тел/факс 3239-857
**E-mail: sutkoz@yahoo.com ; info@sutkoz.org.mk**
**ЕДБ: 4030996240305**

---

0302-98/1
21.05.2018 год.

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 22-05-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

**До**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Премиер - Зоран Заев**

**Предмет:** Иницијатива за измена на Законот за јавни претпријатија

Почитуван г-дин Премиер,

**Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија - СУТКОЗ**, со седиште на ул.„12 Ударна бригада“ бр.2а во Скопје, е репрезентативен синдикат во кој членуваат Синдикални организации во **јавните претпријатија** основани од единиците на локалната самоуправа и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа од **областа на комуналните дејности** на територијата на Република Македонија.

На иницијатива од **сите Синдикални организации** од областа на комуналните дејности кои се членки на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија – СУТКОЗ, **Претседателството на СУТКОЗ** на седницата одржана на ден 27.12.2017 година донесе **Одлука** да се достави **петиција** до **Владата на Република Македонија**, **за изземање на вработените во јавните претпријатија основани од локалната самоуправа и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор** („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014) и повторна примена на **Законот за работните односи** и и општите прописи за работни односи, во регулирањето на работниот однос на вработените во јавните комунални претпријатија.

Во контекст на донесената одлука, се обраќаме до Вас како Премиер на Владата на Република Македонија, со барање за поведување постапка за измена на Законот за јавните претпријатија. Имено, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 41/2014), дел од вработени во јавните претпријатија се стекнаа со статус на **административни службеници** и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и колективните договори, дел од вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на **даватели на јавни услуги** и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавен сектор и колективните договори, и дел од вработените во јавното претпријатие кои вршат помошно-технички работи со кои се овозможува непречено функционирање на јавното претпријатие имаат статус на **помошно-технички лица** и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавен сектор и општите прописи за работни односи.

Со горенаведените законски одредби се изврши **раслојување и дискриминација** во правата и обврските на работниците од работен однос во исто јавно комунално претпријатие кое врши дејност од надлежност на локалната самоуправа, со тоа што **вработените немаат еднакви права од аспект на основањето, вработувањето, финансирањето, правото на плата и надоместоците од плата, надзорот, ефикасноста и одговорноста од работењето.**

Во таа насока, Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија - СУТКОЗ, ја поднесува оваа иницијатива за поведување постапка за измена на Законот за јавните претпријатија, во насока на **изземање на вработените во јавните претпријатија кои се основани од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје**, од примената на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 41/2014)

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Законските одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 41 од 27.02.2014 година не може да бидат применети на јавните претпријатија кои се **основани од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје**, бидејќи истите се во **колизија** со **член 8 и 115 од Уставот на Република Македонија, член 1, 14 и 15 од Законот за комунални дејности и член 1, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија**.

Имено, во **член 8 од Уставот на Република Македонија** се утврдени темелните вредности на Уставниот поредок на Република Македонија, а една од наброените темелни вредности е и локалната самоуправа.

Со **точка 1 од Амандманот XVII од Уставот**, со која е заменет ставот 1 од членот 115 од Уставот, е утврдено дека **во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење**, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, **комуналните дејности**, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Според **ставовите 2 и 3 на членот 115 од Уставот**, **општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон**, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката. Републиката со закон може да и довери вршење на определени работи на општината.

Според членот 117 став 1 од Уставот, градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа.

Со **точката 2 од Амандманот XVII од Уставот, со која е заменет ставот 2 на членот 117 од Уставот**, е утврдено дека во градот Скопје **граѓаните непосредно и преку претставници** учествуваат во одлучувањето за прашања од значење за градот Скопје, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, **комуналните дејности**, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Според **ставовите 3, 4 и 5 од членот 117 од Уставот**, градот Скопје се финансира од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

**Градот Скопје е самостоен** во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на неговата работа ја врши Републиката. Републиката со закон може да му довери вршење на определени работи на градот Скопје.

Во **член 9 од Законот за комунални дејности** („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015 и 31/2016) е регулирано дека **заради организирање и квалитетно вршење на комуналните дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфраструктура од локален карактер**, кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на подрачјато на една Општина, **Општината може да основа Јавно претпријатие** доколку на нејзиното подрачје, за вршење на таква дејност не постои јавно претпријатие.

Во **член 1, 9 и 10 од Законот за Јавните претпријатија** („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 43/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016) е регулирано дека Владата на РМ, советот на Општините и советот на Град Скопје, донесуваат акт за основање на јавно претпријатие со кој се утврдува дејноста, фирмата и седиштето, износот на средствата за основање и начинот на нивно обезбедување, организацијата на јавното претпријатие, начинот и спроведување на одлуките на органите на јавното претпријатие.

Според **Законот за локалната самоуправа** („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и **Законот за градот Скопје** („Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004 и 158/2011), **општините односно градот Скопје, се надлежни за вршење на комунални дејности и за таа цел основаат јавни служби во согласност со закон, кои се во сопственост на основачот**.

Во **член 2 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор** се набројува кои се работодавачи во јавниот сектор, меѓу кои наведени се и јавните претпријатија основани од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Во став 2 на истот член пак е наведено дека: „Вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос кај некој од работодавачите од ставот (1) на овој член".

Во **член 37 од Законот за јавните претпријатија** е дефинирано дека: „**Работните места на вработените во јавните претпријатија се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор**, и тоа:

- група I подгрупа 2 **јавни службеници**,

- група III подгрупа 5 **даватели на јавни услуги** во јавните претпријатија и

- група IV подгрупи 1, 2, 3, 4 и 5 **помошно-технички лица**.

Актот за систематизација на јавното претпријатие го донесува директорот по **претходна согласност** од управниот одбор на јавното претпријатие и **од Министерството за информатичко општество и администрација** во делот на усогласеноста на описите на работни места со Каталогот на работни места, утврден во Законот за вработени во јавниот сектор".

Со овие одредби од Законот за јавните претпријатија **директно се крши темелната вредност на Уставниот поредок** од член 8 на Уставот на Република Македонија - локалната самоуправа и **правото на граѓаните и Општините непосредно да учествуваат во одучувањето за прашања од локално значење, а особено од областа на комуналните дејности** (член 115 од Уставот).

Ако **надлежноста на Општината да основа Јавно претпријатие** и да одлучува за неговата организација **е Уставна темелна вредност**, **Државата со закон не смее да го крши Уставот и да ги одзема уставните надлежности на Локалната самоуправа**, префрлајќи ги во надлежност на Министерството за Информатичко општество и администрација, **т.е дирекно централизирајќи надлежности и дејности од локалната самоуправа**.

**Комуналните дејности се дејности од општ интерес**, но се од **локално значење и се во исклучива надлежност на локалната самоуправа**, која одлучува меѓу другото и за организацијата на претпријатието.

**Државата не може да врши упад** во надлежноста на Локалната самоуправа преку членот 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, членот 3 од Законот за административни службеници и членот 37 од Законот за јавните претпријатија, со тоа што **директно ќе го контролира вработувањето и организацијата на комуналните претпријатија**, кои сами остваруваат финансиски средства и **не се финансирани од буџет**.

Од горе наведеното сметаме дека одредбите од Законот за јавните претпријатија, со кои се одредува **статус на административен службеник** на вработените во јавните комунални претпријатија **кои се основани од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје**, се во **спротивност со Уставот на Република Македонија**, за што бараме од Вас, како **Премиер на Влада на Република Македонија, постапка за измена на овие законски решенија** согласно погоре наведените аргументи.

Во поткрепа на ова тврдење е и донесената **Одлука У.Број: 184/2011-0-1 од 15.02.2012 година на Уставниот суд на Република Македонија**, со која Судот утврди дека:

„**Вработените во јавните претпријатија основани од општините, општините на градот Скопје и градот Скопје, како и самите институции кои по природата на надлежностите вршат комунални дејности, по својата положба, права и обврски не можат да бидат под правниот режим на Законот за јавните службеници, ниту од аспект на основањето, вработувањето, финансирањето, правото на плата и надоместоците од плата, надзорот, ефикасноста и одговорноста од работењето, статусот и регистарот на претпријатијата, надзорот над ефикасноста и законитоста на работењето од Државниот комунален инспекторат и други работи кои се веќе комплексно уредени со одредбите од повеќе посебни закони.**“.

Петицијата за - изземање на вработените во јавните претпријатија основани од локалната самоуправа и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014) и , повторна примена на Законот за работните односи и општите прописи за работни односи, во регулирањето на работниот однос на вработените во јавните комунални претпријатија СУТКОЗ на РМ - како репрезентативен синдикат на вработените во комунално-станбеното стопанство ја достави и до Министерството за информатичко општество и администрација, до Министерството за труд и социјала, како и до Министерството за економија.

Во прилог Ви доставуваме:

- Петиција до Владата на Република Македонија за изземање на вработените во јавните претпријатија основани од локалната самоуправа и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014) и , повторна примена на Законот за работните односи и општите прописи за работни односи, во регулирањето на работниот однос на вработените во јавните комунални претпријатија

- Поддршката на петицијата поединечно, од сите наши синдикални организации - подружници на СУТКОЗ на РМ во Јавните комунални претпријатија низ Република Македонија ,
- Иницијативата на АДКОМ до Владата на РМ.
- Закони од Р.Словенија,Р.Хрватска и Р.Србија за државни службеници и вработени во јавен сектор и друга документација од областа.

Со почит,

Синдикат на работниците од угостителството,
туризмот, комунално – станбеното стопанство,
занаетчиството и заштитните друштва
на Република Македонија
Претседател,

Дарко Димовски